Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: 03-994/3

Датум: 02. 11. 2023

До
Г-дин [redacted]

Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Врска (Ваш број):

Почитуван г-дин [redacted],

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер и истото е прифатено со Решение за прифаќање на барање за слободен пристап до информации бр. 03-994/1 од 03.11.2023 година, чиј прилог е и овој Одговор.

Имено, Вие барате да Ви се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса ([redacted]) и по пошта, препис од следната информација:

1. Целокупна документација во врска со сите превземени постапки, мерки и дејствија во врска со иницијативата за утврдување на дисциплинска одговорност за сторен дисциплински престап против инспекторот Васе Ефтимов и инспекторот за спорт Димитар Терзиев, поведена од Инспекциски совет на РСМ со архивски број: со арх.бр. 16-289/2 од 09.03.2023 година архивирана во Инспекциски совет со бр. 16-841/2 од 07.09.2023 година.

Со оглед на побараното од Ваша страна, Ве известуваме дека Инспекцискиот совет веќе Ви ги има доставено бараните информации, односно:

- Во однос на иницијативата за утврдување на дисциплинска одговорност за сторен дисциплински престап против инспекторот Васе Ефтимов, заведена во Инспекцискиот совет под број број 16-289/2 од 09.03.2023 година, врз основа на Ваше Барање за пристап до информации од јавен карактер, наш број 03-305/1 од 09.03.2023 година, донесено е Решение за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер број 03-305/2 од 22.03.2023 година. Врз основа на тоа Решение, доставен Ви е Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер број 03-305/3 од 22.03.2023 година, во чиј прилог се доставени, во форма на препис, „Заверена копија – верна на оригиналот, од Барање за поднесување на иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против инспектор за спорт

за сторен дисциплински престап и Иницијатива за утврдување на дисциплинска одговорност за сторен дисциплински престап против инспектор за спорт Васе Ефтимов со број на лиценца А270440001". Целокупната документација е испратена по пошта и во форма на електронски запис.

- Во однос на иницијативата за утврдување на дисциплинска одговорност за сторен дисциплински престап против инспекторите Васе Ефтимов и Димитар Терзиев, заведена во Инспекцискиот совет под број број 16-841/2 од 31.08.2023 година, врз основа на Ваше Барање за пристап до информации од јавен карактер, наш број 03-885/1 од 19.09.2023 година, донесено е Решение за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер број 03-885/2 од 19.09.2023 година. Врз основа на тоа Решение, доставен Ви е Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер број 03-885/3 од 06.10.2023 година, во чиј прилог се доставени, во форма на препис, „ Заверена копија – верна на оригиналот, од Барање за поднесување на иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против инспектори за спорт за сторен дисциплински престап" и „Заверена копија – верна на оригиналот, од иницијатива за утврдување на дисциплинска одговорност за сторен дисциплински престап против инспектор Васе Ефтимов со број на лиценца А270440001 и Димитар Терзиев со број на лиценца А270440002 издадена на 07.07.2022 година". Целокупната документација е испратена по пошта и во форма на електронски запис.

Инспекцискиот совет и понатаму Ви стои на располагање за сите останати информации од јавен карактер со коишто располага и коишто ги создал во текот на своето работење.

Искрено,

м-р Сашо Мержаноски,
Генерален секретар на Инспекциски совет

Подготвил: Андријана Алексова, советник

Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор